# ДОЕЊЕ И ГРИЖА ЗА НОВОРОДЕНОТО ВО ВРЕМЕ НА ЕПИДЕМИЈАТА СО КОВИД-19

## 1. Дали жените со COVID-19 можат да дојат?

Да. Жените со Ковид-19 може да дојат доколку сакаат. Досегашните научни истражувања покажуваат дека новиот коронавирус COVID-19 не се пренесува преку мајчиното млеко

Тие треба:

1. За време на доењето и контактот со бебето да применуваат респираторна хигиена, тоа значи да не кашлаат и киваат во правец на бебето, туку во лактот, или во марамче за еднократна употреба кое веднаш ќе го фрлат. Доколку е можно треба да носат маска;
2. Да ги мијат своите раце пред и по допирање на бебето со сапун и вода или дезинфициенс на база на алкохол. Миењето на рацете треба да биде најмалку 20 – 30 секунди, согласно со препораките и техниките за правилно миење на рацете;
3. Редовно да ги чистат и дезинфицираат површините што ги имаат допрено.

## 2. Имам Ковид-19 и не се чувствувам доволно добро за директно да го дојам своето бебе. Што да правам?

Досегашните научни истражувања покажуваат дека новиот коронавирус COVID-19 не се пренесува преку мајчиното млеко. Меѓутоа доколку поради Ковид-19 или други компликации не се чувствувате доволно добро за да доите, треба да ви биде обезбедена поддршка за на безбеден начин, којшто е достапен и прифатлив за вас, да му обезбедите мајчино млеко на вашето бебе.

Најдобро е доколку сте во можност да го измолзувате мајчиното млеко и да обезбедите дека член од Вашето семејство ќе му го дава мајчиното млеко на бебето.

Доколку поради горенаведените причини не сте во можност ниту да се измолзувате и ако го прекинете доењето во овој период, веднаш штом ќе бидете во можност продолжете со доење на Вашето бебе. Тоа е процес на повторно воспоставување на доењето или релактација. Доколку не сте во можност повторно да го воспоставите доењето, јавете му се на матичниот педијатар на вашето бебе, за да Ве посоветува како да постапите со цел да продолжите со доење.

Имајте во предвид дека мајчиното млеко е од непроценливо значење за правилниот раст и развој на Вашето бебе.

### 3. Дали доколку имам Ковид-19 може да го допирам и држам моето новородено бебе?

Да. Блискиот контакт и раното, соодветно доење му помагаат на бебето да напредува и соодветно да се развива. Треба да бидете поттикнати на:

1. Безбедно доење на бебето, со примена на респираторна хигиена.Тоа значи да не кивате и кашлате во правец на бебето, туку во свиткан лакт, или во марамче за една употреба кои веднаш ќе го фрлите. Доколку е можно се препорачува да носите маска;
2. Држење на бебето остварувајќи контакт кожа со кожа, и
3. Престој во иста просторија со бебето.

**Напомена:**

- пред секој контакт со бебето важно е темелно и правилно да ги измите рацете со вода и сапун или дезинфициенс базиран на алкохол во траење од 20-30 секунди (согласно на дадените насоки и препораки за правилно миење на рацете).
- Редовно чистете ги и дезинфицирајте ги површините кои вие ги допирате.

***Извори: УНФПА и СЗО***